Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 2/06) , Претседателката на Советот на Општина Свети Николе на ден 25.05.2023 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на дваесетидеветтата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе**

Дваесетидеветтата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се оддржи на ден **31.05. 2023 година (среда) со почеток во 14:00 часот** во советничкта сала на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

Усвојување на Записник од дваесетиосмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 27.04. 2023 година;

**Точка 1**
Предлог – Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 2**

Предлог – Одлука за донесување на Техничка исправка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за група на класа на намена Е-инфраструктура Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани(фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) к.п.653, к.п.655, к.п.656 со моќност до 10 MW КО Пеширово Општина Свети Николе,донесен со Потврда за Одобрување на Урбанистички проект бр.1002-18/10 од 06.03.2023 год тех.бр.23/23;

**Точка 3**

Предлог – Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 4, Блок 12, плански опфат 12.3, КО Свети Николе, Општина Свети Николе, за плански период 2021-2026 год.;

**Точка 4**

Предлог – Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 5**

Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Свети Николе од сите ризици и опасности;

**Точка 6**

Извештај за работењето на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за период од 01.01. 2023 година до 31.03. 2023 година;

**Точка 7**

Предлог – листа на кандидати за избор на командир на ПС Свети Николе;

**Точка 8**

Барање од МЗ с. Амзабегово;

**Br.0801- 404**
**25.05. 2023 godina**
**Sveti Nikole**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска с.р.**